# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2022 година,**
**со извештај на независниот ревизор**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2022 година, со извештај на независниот ревизор

# СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР | 3 - 4 |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ | 5 |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА | 6 |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ | 7 |
| БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 8 - 18 |

**ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје** | Дрезденска бр 52, 1000 Скопје Република Северна Македонија | e-mail: ljupcho@pecevrevizija.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО УПРАВНИОТ ОДБОР И СОБРАНИЕТО НА ГС1 МАКЕДОНИЈА

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ГС1 МАКЕДОНИЈА за 2022 година, и тоа: билансот на состојба, билансот на приходи и расходи и белешките кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ГС1 МАКЕДОНИЈА е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ГС1 МАКЕДОНИЈА за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ГС1 МАКЕДОНИЈА. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ГС1 МАКЕДОНИЈА заклучно со 31 декември 2022 година и резултатот на финансиските активности за годината што заврши на тој датум во согласност со законските прописи во Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Скопје, 12 април 2023 година

Овластен ревизор

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија
ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА
ДООЕЛ Скопје

Управител

Љупчо Пецев

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за периодот 01 јануари - 31 декември 2022 година**

| во илјади денари | Белешки | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи | 4 | 13.072 | 14.620 |
| Камати и курсни разлики | | 1 | 1 |
| Вишок на приходи од претходна година | 5 | 1.138 | 2.137 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **14.211** | **16.758** |
| **РАСХОДИ** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Расходи за вработените | 6 | -8.831 | -5.858 |
| Останати тековни расходи | 7 | -3.801 | -5.128 |
| Финансиски расходи | 8 | -82 | -206 |
| **Вкупно** | | **-12.714** | **-11.192** |
| **Капитални расходи** | 9 | **-83** | **-4.332** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **-12.797** | **-15.524** |
| **Нето приходи / расходи пред оданочување** | | **1.414** | **1.234** |
| Данок на вкупен приход на непрофитни организации | | -72 | -96 |
| **НЕТО ВИШОК НА РАСХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНАТА ГОДИНА** | 5 | **1.342** | **1.138** |

Финансиските извештаи се потпишани на 24 февруари 2023 година и предложени на Управниот одбор за одобрување

**Извршен директор**

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на 31 декември 2022 година**

| во илјади денари | Белешки | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 10 | - | - |
| Материјални средства | 10 | 26.670 | 23.559 |
| Останати долгорочни средства | | - | - |
| **Вкупно** | | **26.670** | **23.559** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 11 | 1.376 | 1.630 |
| Останати краткорочни побарувања | 12 | - | - |
| Краткорочни финансиски вложувања | | - | - |
| Активни временски разграничувања | 13 | 509 | 427 |
| Парични средства | 14 | 2.187 | 5.909 |
| **Вкупно** | | **4.072** | **7.966** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **30.742** | **31.525** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Деловен фонд | | 26.670 | 23.559 |
| Останат капитал | | - | - |
| **Вкупно** | | **26.670** | **23.559** |
| **Нето вишок на расходи за пренос во наредна година** | 5 | **1.342** | **1.138** |
| **Долгорочни кредити** | 15 | **0** | **4.361** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 16 | 544 | 71 |
| Останати тековни обврски | 17 | 334 | 347 |
| Краткорочни финансиски обврски | 18 | 855 | 720 |
| Пасивни временски разграничувања | 19 | 997 | 1.329 |
| **Вкупно** | | **2.730** | **2.467** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **30.742** | **31.525** |

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ГС1 МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ
**за периодот 01 јануари - 31 декември 2022 година**

**2022 година**

| во илјади денари | Деловен фонд | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|
| **Состојба, 01.01.2022 година** | **23.559** | - | **23.559** |
| Набавка на основни средства | 83 | - | **83** |
| Продажба на основни средства | 0 | - | **0** |
| Набавка на нематеријални средства | - | - | - |
| Амортизација на основни средства | -1.649 | - | **-1.649** |
| Амортизација на нематеријални средства | - | | **0** |
| Ревалоризација на основни средства | 4.677 | - | **4.677** |
| Ревалоризација на нематеријални средства | - | - | **0** |
| **Состојба, 31.12.2022 година** | **26.670** | - | **26.670** |

**2021 година**

| во илјади денари | Деловен фонд | Останат капитал | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|
| **Состојба, 01.01.2021 година** | **18.704** | - | **18.704** |
| Набавка на основни средства | 4.332 | - | **4.332** |
| Продажба на основни средства | -1.103 | - | **-1.103** |
| Набавка на нематеријални средства | - | - | - |
| Амортизација на основни средства | -1.442 | - | **-1.442** |
| Амортизација на нематеријални средства | - | | **0** |
| Ревалоризација на основни средства | 3.068 | - | **3.068** |
| Ревалоризација на нематеријални средства | - | - | **0** |
| **Состојба, 31.12.2021 година** | **23.559** | - | **23.559** |

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Асоцијацијата за ГС1 стандарди ГС1 МАКЕДОНИЈА основана е на Собранието на основачи одржано на 11.11.2009 година. Со работа како самостоен правен субјект Асоцијацијата започнува од март 2010 година.

Скратениот назив на Асоцијацијата за ГС1 стандарди ГС1 МАКЕДОНИЈА гласи ГС1 МАКЕДОНИЈА.

Седиштето на ГС1 МАКЕДОНИЈА е на улица Даме Груев број 5, Скопје.

ГС1 МАКЕДОНИЈА е асоцијација на слободно здружени фирми од производството и трговијата, други сектори и индустриски гранки, како и асоцијации и други правни лица во Република Северна Македонија.

ГС1 МАКЕДОНИЈА е национална, невладина, доброволна и непрофитна асоцијација. ГС1 МАКЕДОНИЈА е единствена организација на територијата на Република Северна Македонија со ексклузивна лиценца и овластување од Меѓународната асоцијација ГС1 да администрира со ГС1 системот и да доделува идентификациони броеви на компаниите за потребите на нивното работење во системот на набавки.

Цели на ГС1 МАКЕДОНИЈА се:

- Воведување, применување и промоција на меѓународниот ГС1 систем во Република Северна Македонија, во разни сектори, области и гранки, особено во производството, индустријата и трговијата на големо и мало, а со цел поефикасно работење при зголемување на меѓународната размена и извозот;
- Да ја контролира и координира употребата на ГС1 системот во Република Северна Македонија и да ги обезбеди потребните информации и совети за аплицирање и користење на системот, за сите сектори во индустријата и трговијата;
- Да соработува, да разменува мислења, совети и информации со трговските асоцијации, владините тела и органи, здруженијата на потрошувачи, техничките тела и други органи, организации и институции, во функција на развој на системот, и др.

Органи на ГС1 МАКЕДОНИЈА се Собранието, Управниот одбор и Генералниот извршен директор. Претседателот на Собранието на ГС1 МАКЕДОНИЈА по функција е и претседател на Управниот одбор. Мандатот на претседателот и заменик-претседателот на Собранието е 3 години, со право на повторен избор. Управниот одбор е составен од седум членови, вклучувајќи го и претседателот и заменик-претседателот на Собранието. Мандатниот период на членовите на Управниот одбор изнесува 3 години, со можност за повторен избор.

## ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

ГС1 МАКЕДОНИЈА има Генерален извршен директор кој раководи и ги извршува редовните оперативни задачи во ГС1 МАКЕДОНИЈА.

Средствата за работа на ГС1 МАКЕДОНИЈА се обезбедуваат од пристапнина што ја плаќаат нејзините членови при зачленувањето, годишна членарина, надоместоци за користење на ГС1 броеви, спонзорства и донации и од други извори.

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на ГС1 МАКЕДОНИЈА се изготвени во согласност со Законот за сметководството за непрофитните организации и другите прописи што го регулираат работењето на непрофитните организации во Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се изготвени според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции и концептот на набавна вредност.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Признавање на приходите

Признавањето на приходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Приходите се признаваат ако се наплатени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или наплатени до 31 јануари во наредната година.

### 3.2. Признавање на расходите

Признавањето на расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции. Расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанеле, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година.

## 3.3 Материјални (основни) и нематеријални средства

Под материјални (основни) и нематеријални средства се сметаат средствата чиј век на траење е подолг од една година. Набавките на материјалните и нематеријалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на материјалните и нематеријалните средства се состои од фактурната вредност зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Материјалните и нематеријалните средства се ревалоризираат при нивно повлекување од употреба и отуѓување или поради повторно вреднување со пораст на цените на производителите на индустриски производи. Резултатот од ревалоризација на материјалните и нематеријалните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства.

Вредност на материјалните и нематеријалните средства при нивното повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува комисиски со проценка.

Основните средства, чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност, се класифицираат како ситен инвентар којшто се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис, со примена на годишни стапки пропишани во Правилникот за сметководство на непрофитните организации. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат и материјалните и нематеријалните средства и деловниот фонд.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Основицата за отпис на материјалните и нематеријалните средства се корегира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната поврзаност.

Основицата за амортизација се корегира и за дополнителната ревалоризирана вредност на материјалните и нематеријалните средства.

Основица за отпишување на материјалните и нематеријалните средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

Еднаш отпишаното материјално и нематеријално средство, не може да биде предмет на повторно проценување и отпишување, без оглед на тоа што и натаму истото се користи.

## ГС1 МАКЕДОНИЈА

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Пропишаните стапки на амортизацијата за материјалните (основните) и нематеријалните средства што ги поседува ГС1 МАКЕДОНИЈА се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2% |
| Канцелариска опрема и мебел | 10 - 20% |
| Транспортни средства | 25% |
| Нематеријални средства | 20% |

### 3.4. Ситен инвентар

Ситниот инвентар се отпишува еднократно во целина при негово ставање во употреба.

### 3.5. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат побарувањата за членарини од членките на ГС1 МАКЕДОНИЈА.

### 3.6. Останати краткорочни побарувања

На сметките на останатите краткорочни побарувања се книжат побарувањата по основ на даноци и придонеси, побарувањата од вработените и други краткорочни побарувања.

### 3.7. Активни временски разграничувања

На сметките на активни временски разграничувања се книжат пресметаните расходи за тековната година кои се плаќаат во наредната финансиска година, како и однапред платените расходи.

### 3.8. Парични средства

Паричните средства се искажуваат според нивниот номинален износ, а ги опфаќаат паричните средства на жиро сметките, паричните средства во благајната и паричните средства на девизните сметки.

### 3.9. Обврски спрема добавувачи

На сметките на обврски спрема добавувачи се книжат обврските по основ на добиените фактури за тековни и капитални расходи кои се останати за плаќање во наредната финансиска година.

### 3.10. Останати краткорочни обврски

На сметките на останатите краткорочни обврски се книжат обврските по основ на даноци и придонеси, обврски спрема вработените, како и други краткорочни обврски.

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 3.11. Пасивни временски разграничувања

На сметките на пасивни временски разграничувања се книжат пресметаните приходи по основ на фактурираните, а ненаплатени членарини, како и однапред наплатените приходи што се однесуваат на наредниот пресметковен период.

## 3.12. Вишок на приходи над расходи за пренос во наредната година

Износот на сметката на вишок на приходи над расходи за пренос во наредната година се добива како збир од вишокот на приходи над расходи од претходната година и вишокот на приходи над расходи или непокриените расходи од тековната година.

## 3.13. Данок на добивка

ГС1 МАКЕДОНИЈА е непрофитна организација која не остварува добивка и затоа не пресметува данок на добивка.

До 2018 година основа за пресметување на данокот на добивка беа непризнаените расходи за даночни цели содржани во Законот за данокот на добивка. Стапката на данокот на добивка во Република Северна Македонија изнесуваше 10%. Од 2019 година, согласно измените на Законот за данокот од добивка, непрофитните организации пресметуваат и плаќаат данок во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарска година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.

# 4. ПРИХОДИ

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Приходи од членарини и користење бар кодови | 12.506 | 12.570 |
| Приходи од ИПА проект | - | 529 |
| Приходи од продажба на возило | - | 986 |
| Приходи од закупнина | - | 511 |
| Приходи од услуги | 566 | 24 |
| **Вкупно** | **13.072** | **14.620** |

# 5. НЕТО ВИШОК НА РАСХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНА ГОДИНА

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари** | 1.138 | 2.137 |
| Нето ефект од активностите во текот на годината | 204 | -999 |
| Останати промени | - | - |
| **Состојба на 31 декември** | **1.342** | **1.138** |

## 6. РАСХОДИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Бруто плати | 7.934 | 5.500 |
| Надоместоци за вработените | 897 | 358 |
| **Вкупно** | **8.831** | **5.858** |

## 7. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Расходи за материјали и резервни делови | 154 | 214 |
| Расходи за енергија | 169 | 121 |
| Расходи за телефони, интернет, поштарина | 174 | 178 |
| Членарини за ГС1 Меѓународната организација | 950 | 942 |
| Расходи за службени патувања | 228 | 3 |
| Надоместоци за членовите на Управниот одбор | 533 | 500 |
| Расходи за репрезентација и спонзорства | 130 | 297 |
| Отпис и исправка на вредност на побарувања | 15 | 16 |
| Книговодствени услуги | 216 | 193 |
| Трошоци за ИПА проект | - | 2.058 |
| Трошоци за одржување на основни средства | 50 | - |
| Трошоци за услуги | 657 | - |
| Останати расходи | 525 | 606 |
| **Вкупно** | **3.801** | **5.128** |

## 8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Камати | 80 | 201 |
| Негативни курсни разлики | 2 | 5 |
| **Вкупно** | **82** | **206** |

## 9. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Набавка на градежни објекти | - | - |
| Набавка на канцелариска опрема | 49 | 46 |
| Набавка на уметнички слики | 34 | 402 |
| Набавка на возила | - | 3.884 |
| **Вкупно** | **83** | **4.332** |

## 10. МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Набавната вредност на материјалните (основните) и нематеријалните средства и нивната исправка на вредност се како што следи:

**2022 година**

| во илјади денари | Градежни објекти | Опрема | Останати средства | Вкупно | Немат. средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба, 01.01.2022 година** | **23.034** | **6.356** | **247** | **29.637** | **2.307** |
| Нови набавки | - | 49 | 34 | **83** | |
| Ревалоризација | 4.561 | 1.264 | 50 | **5.875** | 457 |
| Бесплатно примена опрема | - | - | - | **0** | - |
| Расходување и продажба | - | -116 | | **-116** | - |
| **Состојба, 31.12.2022 година** | **27.595** | **7.553** | **331** | **35.479** | **2.764** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба, 01.01.2022 година** | **2.382** | **3.696** | **0** | **6.078** | **2.307** |
| Амортизација | 552 | 1.097 | - | **1.649** | - |
| Ревалоризација | 472 | 726 | - | **1.198** | 457 |
| Расходување и продажба | - | -116 | - | **-116** | - |
| **Состојба, 31.12.2022 година** | **3.406** | **5.403** | **0** | **8.809** | **2.764** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2022 ГОДИНА** | **24.189** | **2.150** | **331** | **26.670** | **0** |

Како обезбедување за повлечен кредит, во корист на Стопанска банка АД Скопје под залог е ставен деловен простор во Општина Центар со вкупна површина од 322 метри квадрати. Сметководствената вредност на заложениот деловен простор на 31.12.2022 година изнесува 24.189 илјади денари.

**2021 година**

| во илјади денари | Градежни објекти | Опрема | Останати средства | Вкупно | Немат. средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба, 01.01.2021 година** | **20.029** | **2.762** | **0** | 22.791 | 2.006 |
| Нови набавки | - | 3.930 | 402 | **4.332** | |
| Ревалоризација | 3.005 | 650 | 23 | **3.678** | 301 |
| Бесплатно примена опрема | - | - | - | **0** | - |
| Расходување и продажба | - | -986 | -178 | **-1.164** | - |
| **Состојба, 31.12.2021 година** | **23.034** | **6.356** | **247** | **29.637** | **2.307** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба, 01.01.2021 година** | **1.670** | **2.417** | **0** | **4.087** | **2.006** |
| Амортизација | 461 | 981 | - | **1.442** | - |
| Ревалоризација | 251 | 359 | - | **610** | 301 |
| Расходување и продажба | - | -61 | - | **-61** | - |
| **Состојба, 31.12.2021 година** | **2.382** | **3.696** | **0** | **6.078** | **2.307** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2021 ГОДИНА** | **20.652** | **2.660** | **247** | **23.559** | **0** |

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 1.355 | 1.613 |
| Побарувања од купувачи во странство | 21 | 17 |
| **Вкупно** | **1.376** | **1.630** |
| Исправка на вредност | - | - |
| **Вкупно нето** | **1.376** | **1.630** |

## 12. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Данок на додадена вредност | - | - |
| Данок на вкупен приход | - | - |
| Побарувања од вработените | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | - | - |

## 13. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Однапред платени трошоци | 509 | 427 |
| Пресметани приходи | - | - |
| **Вкупно** | **509** | **427** |

## 14. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 1.974 | 5.757 |
| Депозити со рок на доспевање до 90 дена | - | - |
| Благајна | 16 | 16 |
| Девизни сметка | 132 | 35 |
| Девизна благајна | 65 | 101 |
| **Вкупно** | **2.187** | **5.909** |

## 15. ОБВРСКИ ПО ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Стопанска банка АД Скопје | 855 | 5.081 |
| Останати | - | - |
| **Вкупно** | **855** | **5.081** |
| Намалено за обврските со доспеаност за плаќање до една година | -855 | -720 |
| **Долгорочни кредити со доспеаност за плаќање над една год.** | **0** | **4.361** |

Долгорочниот кредит е денарски и е употребен за купување на сопствен деловен простор.

## 16. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 74 | 71 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 470 | - |
| Обврски за нефактурирани стоки и услуги | - | - |
| **Вкупно** | **544** | **71** |

## 17. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Обврски за данок на додадена вредност | 262 | 251 |
| Обврски за данок на вкупен приход на непроф. орган. | 72 | 96 |
| Обврски спрема вработените | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | **334** | **347** |

## 18. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| во илјади денари | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Обврски по краткорочни кредити** | | |
| Обврски спрема банки | - | - |
| Обврски спрема останати кредитори | - | - |
| **Вкупно** | - | - |
| Тековна доспеаност на долгорочни кредити | 855 | 720 |
| **ВКУПНО КРАТКОР. ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | **855** | **720** |

## 19. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| **во илјади денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| Однапред наплатени приходи | - | - |
| Пресметани (ненаплатени) приходи | 997 | 1.329 |
| Останати пасивни временски разграничувања | - | - |
| **Вкупно** | **997** | **1.329** |

## 20. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при прикажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута на 31 декември се следните:

| **во денари** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| EUR | 61,4932 | 61,6270 |
| USD | 57,6535 | 54,3736 |

## 21. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Против ГС1 МАКЕДОНИЈА не се водат судски постапки.

## 22. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЧКИОТ ПЕРИОД

По датумот на известувачкиот период не се случиле настани што треба да се обелоденат во овие финансиски извештаи.